**Повик за обука за млади лица**

1. Детални информации за обуката

Национален младински совет на Македонија отвара повик за 30 млади лица кои имаат интерес да ги прошират своите знаења во областа на кариерното советување и директната работа со млади лица на кои им е потребно кариерно насочување.

Обуката за младите лица кои понатаму ќе држат сесии за кариерно насочување ќе се одржи еднократно, во периодот од 15 јануари до 17 јануари, а присуството на сите три дена е задолжително. Агендата за трите дена ќе биде целодневна односно од 9:30 до 17 часот, а локацијата ќе биде дополнително утврдена. Обуката ќе ги покрие следните области:

- Комуникација со млади лица и директна работа со средношколци
- Тестови за кариерно насочување
- Техники за индивидуална и групна работа
- Циклус/фази на кариерно планирање
- Практична работа.

Услови кои треба да ги исполнуваат заинтересираните лица:

- Да се дипломирани или студенти во завршни години на психологија, социјална работа, педогодија, специјална едукација и рехабилитација
- Да се слободни од 15 до 17 јануари за целосно и активно да ја следат обуката
- Да имаат можност да патуваат помеѓу февруари и јуни со цел реализација на 3 групни кариерни советувања во средни училишта
- Да имаат искуство во работа со млади лица.

***Сите заинтересирани млади лица треба да го пополнат следниот линк и да доставаат точни податоци за себе, најдоцна до 12.01.2025 година, до полноќ. Избраните учесници ќе бидат известени на 13.01.2025.***

2. Детални информации за ангажманот по завршување на обуката

Младите лица кои успешно ќе ја завршат обуката ќе бидат ангажирани да спроведат по 3 групни сесии за кариерно насочувања во средни училишта на територијата на цела земја. За овој ангажман обучените лица ќе добијат соодветна финансиска компензација.

На секои од овие 3 групни сесии се очекува да има помеѓу 25 и 30 средношколци, а времетраењето на советувањето нема да биде подолго од 2 часа. За време на обуката

ќе биде разработена детална агенда за овие групни советувања која се очекува сите ангажирани лица да ја следат.

По завршувањето на 3-те групни советувања се очекува ангажираното лица да подготви краток наративен извештај кој ќе го достави до Национален младински совет на Македонија.

Со секое ангажирано лице ќе биде потпишан авторски договор за гореспоменатиот ангажман со цел соодветна компензација за завршените сесии.

3. Детални информации за проектот

Национален младински совет на Македонија и Мрежа Стела добија одобрение од страна на Министерството за образование и наука и Биро за развој на образование за да реализираат програми за кариерно советување и менторство во сите средни училишта во Северна Македонија. Станува збор за реализација на програми кои треба да се завршат помеѓу јануари и јуни 2025 година.

Програмата на НМСМ за кариерно советување обезбедува поддршка на ученици кои се во дилема за изборот на кариера, изборот на факултет и изборот на професија. Програмата има за цел да ги инспирира и охрабри учесниците да ги следат своите професионални желби но истовремено и да работат на нивно остварување. Првата средба е замислена да биде групна средба со физичко присуство, со максимум 30 учесници. По завршување на групната обука за кариерен развој, доколку има потреба секој учесник има можност за 3 индвидиуални средби со кариерен советник.

НМСМ и Мрежа Стела овие активности ги спроведуваат подолго време преку проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија“, но надвор од формалното образование. Идејата на проектот е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени на возраст од 15-29 години во Северна Македонија да станат поактивни во општеството и да креира поеднаков пристап до можностите во јавниот живот на земјата, во приватниот сектор и со тоа во процесот на донесување на одлуки на локално и национално ниво. Овој проект е поддржан од Британската амбасада во Скопје, а после неколку координативни состаноци со МОН пристигна и официјално одобрување проектот да се спроведува формално и системски во секоја гимназија, со цел покоординиран пристап и поголем опфат на младите лица со професионално насочување.